**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за сообраќај** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник** |

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ Скопје за 2022 година

Скопје, декември 2022

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“, бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2022 година**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ – Скопје за 2022 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/21, бр.09/22 и бр.13/22), во

Член 1 став 1 алинеја 2 износот „503.000.000,00“ се менува со износот „523.000.000,00“.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __ – _______
__ декември 2022 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуката. Исто така согласно на член 8-б, од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, т.е. одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Цената на нафтата кој е основен енергенс и најголем материјален трошок на претпријатието како и цената останатите енергенси во изминатиов период драстично се зголемија со што дополнително се зголемија трошоците. Поради ова Јавното Сообраќајно Претпријатие „Скопје“ – Скопје, работи значително отежнато.

Земајќи го во предвид претходното, Советот на Град Скопје со Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Град Скопје(„Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/22) во ставка Ј50 Јавен локален превоз на патници ја зголеми сумата за субвенции за дополнителни 20.000,000,00 денари. Врз основа на оваа измена ставката потешкотии во работењето која претходно беше утврдена во Одлуката за давање на субвенции на ЈСП Скопје – Скопје за 2022 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/21, бр.09/22 и бр.13/22) се зголемува за оваа сума. Поради горенаведеното, а во насока на непречено вршење на транспортната услуга линиски превоз на патници на подрачјето на градот Скопје, се предлага измена на предметната одлука односно на средствата за цели како што е наведено во диспозитивот.

Од претходно наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на ЈСП „Скопје“ – Скопје за 2022 година.